Пад на системот

или

Како балканските народи сфатија дека Бог можеби и не постои

Беше невообичаено топла октомвриска сабота. Саша го помина речиси целиот ден во паркот со нејзните близначи. Кога се вратија дома децата беа многу уморни и таа на брзина ги истушира и ги смести во креветот. Беше 5 до 9 во моментот кога Саша си наточи чаша вино и седна на терасата со таблетот во раце. Ги разгледуваше 253-те фотографии кои тој ден ги направи од нејзините деца. Секоја од тие фотографии ѝ предизвикуваше насмевка на лицето и покрај тоа што голем дел од нив изгледаа идентични, малите промени во движењата на децата и тоа како светлото се одбиваше од нивната коса, ги правеше да бидат толку различни.

Саша го допи виното и сфати дека и самата е многу уморна. Погледна на часовникот, само што беше поминало 10, рано беше, но сепак реши дека ќе си легне. Нејзиниот сопруг Ј беше излезен на накаква службена вечера. Саша не ни помисли дека би требало да го почека да се врати, знаеше дека тоа нема да биде брзо, почна да размислува и сфати дека можеби повеќе од 2 месеци се немаат видено, освен кратките средби со кафето наутро кога го испраќаше на работа. Ј многу работи, но Саша беше свесна дека тоа е цената на нејзината одлука да остане дома и да се грижи за децата и му беше благодарна за неговата голема жртва.

Излезе од купатилото носејќи само пешкир на себе, застана пред големото огледало, не беше задоволна од тоа што го гледа, од кога ги роди децата никако не можеше да се ослободи од оние фамозни 10 килограми што ги заработи во бременоста. Облече дебела фланелска ноќница и удобрно се смести во креветот.

Порано Саша многу сакаше да чита пред спиење, но откако се родија децата се зачлени во толку многу групи и форуми за родителство што тоа ѝ го преокупираше целото слободно време кога не се занимавеше со децата. Затоа го зеде својот мобилен телефон и го отвори фејзбук профилот. Скролајќи низ новите вести ѝ се појави икона од Богородица со бебето Исус во нејзината прегратка, над иконата пишуваше: „Ако во твојот дом има место за мене напиши ДА во коментар и сподели јавно“, секако дека Саша без никакво размислување истипка „ДА“ во коментарите под сликата, ја сподели на својот ѕид, брзо се прекрсти и го остави телефонот на наткасната до креветот.

Поминаа веќе 10 години како балканските земји не можеа да се договорат дали ќе ја следат одлуката на Европската унија за укинување на летното сметање на времето. Секоја година пред да дојде последниот викенд во октомври се појавуваат разни експерти кои ги поддржуваа двете возможни решенија. Проблемот беше во тоа што беше невозможно секоја земја да одлучи сама за себе бидејќи тоа можеше да предизвика големи проблеми во меѓусебната трговија, а тоа беше единствената меѓународна трговија која овие земји беа способни да ја направат. Па така Србите никако не сакаа да бидат во иста временска зона со Хрватите и никако со Албанците затоа што тоа можеше уште повеќе да ги збижи Албанија и Косово. Македонците никако не се трпеа во иста временска зона со Бугарите и Грците и беа спремни да им се скрати дневното светло, само за да не ги ставаат во истиот кош, и така до бескрај. Никој не сакаше да биде со никого и затоа сè уште

се практикуваше застарената пракса за поместување на стрелките на часовникот два пати во годината.

Саша како и речиси сите граѓани на балканските земји мирно спиеше таа ноќ, кога во два часот по полноќ, часовникот се врати еден час наназад и стана повторно еден. Таа како и сите останати не беше свесна до каква глобална трагедија ќе доведе оваа едноставна постапка која што се случуваше од кога таа се сеќаваше на времето како концепт.

Новото утро осамна, мирно и тивко како и секое неделно утро. Близначките ги четкаа забите додека Саша правеше палачинки од спелтино брашно во кујната за појадок. Постојано ги предупредуваше децата да бидат тивки за да не го разбудат Ј, кој случајно ја разбуди кога си легнуваше во креветот и таа виде дека беше поминало 4 часот. Саша почна да размислува, дали тоа беше по старо или по ново време, но на крајот не беше ни важно, сигурно многу се имаше уморено сиротиот, тие деловни состаноци од година во година стануваа сè подолги и сè повеќе го исцрпуваа Ј. Саша мораше да има разбирање за тоа и да го остави барем во неделите добро да се наспие за да биде спремен за новата, напорна работна недела.

Додека децата јадеа таа го зема својот мобилен телефон за да ги слика како јадат, направи 28 фотографии додека ги гледаше децата како задоволно ги јадат безвкусните, чудни по форма палачинки и размислуваше за своето детство во кое нејзините несовесни родители ѝ даваа да јаде глутен. Но таквите мисли брзо ги растера од главата бидејќи нејзиниот психолог ја имаше повеќе пати советувано дека мора да престане да ги обвинува родители за ненамерните грешки кои ги имаат правено исклучиво од незнаење.

Реши да ги разгледа фотографиите кои штотуку ги направи, кликна на иконата за галерија, но галеријата беше недостапна. Почека неколку минути, но сликите едноставно не се појавуваа. Саша малку се вознемири, но реши пред да почне да паничи да ја провери конекцијата. Интернетот работеше, отиде во дневната соба и го зеде својот таблет. Се обиде од таму да ги отвори фотографиите. Резултатот беше ист, галеријата беше недостапна. Веќе почна да чувствува вознемиреност, размислуваше дали да се јави во корисничка поддршка, но одма и текна дека операторот само ќе ѝ каже да го ресетира рутерот, сфати дека тоа може да го направи и без непотребниот повик кој ќе ѝ одземе сигурно 10 минути. Стана и го ресетираше рутерот.

Во тоа време близначките се облекоа и веќе беа спремни за да излезат надвор. За време на викендите им беше забрането користенењето на електронски утреди и нормално дека на децата им беше досадно да седат затворени во четири ѕида без можноста да го истражуваат светот на интернет. Саша со мало нетрпение им кажа дека мора да почекаат затоа што мора да реши некаков проблем. Близначките беа незадоволни, но како добро воспитани деца седнаа на гарнитурата и молкум чекаа. Саша во отвори својот фејзбук профил и тогаш конечно се соочи со страшната вистина. Сите, буквално сите нејзнини пријатели имаа објавено дека сите фотографии кои што ги имале во своите уреди, на своите клауди и акаунти повеќе не постојат. Саша не можеше да верува. Само се сруши во фотељата и почна длабоко да дише. Тоа е целиот живот на нејзините деца, буквално целиот. Инстиктивно, првото нешто што го помисли беше да го разбуди Ј. Но, потоа размисли подобро. Што би можел тој да направи? Сигурно станува збор за некој технички проблем кој ќе се реши, очигледно стануваше збор за премногу корисници за никој да не се обиде да го реши проблемот. Саша полека се смири, стана, го отврори фрижидерот и во

торбата за близначките стави сок од аронија, чија пудинг и погачици од хељдино брашно. Сега конечно беа спремни да излезат.

Веќе во 12 часот сите светски новински агенции објавија за големата балканска трагедија. Светот трепереше во страв, никој не знаеше зошто дошло до проблемот и дали сликите и видеата на остатокот од светот се безбедни. Можеше сè да биде изгубено за дел од секундата, целите животи на луѓето беа во опасност. Дописниците од CNN і BBC ги интервјуираа граѓаните кои како изгубени одеа по улиците. Една жена во солзи даде изјава која го обиколи светот, на клаудот имала снимки од повеќе од 50 концерти, и сега сето тоа беше загубено. Тие концетри повеќе не постоеја во нејзиниот живот. Траорно изледаше сликата додека таа објаснуваше дека воопшто нема никаква меморија од тие концерти бидејќи снимајќи ги била толку фокусирана на мирнотијата на раката, што сега се чувствува како воопшто да не била на истите. Не можеше да се помири со тоа дека сето тоа било залудно и на крајот од својата изјава прати силен апел до оние кои ѝ ги имаат одземено снимките да ги вратат, бидејќи таа се чувствува дека со тие снимки загубила дел од животот.

Експресно се формираше меѓународен специјален стручен тим кој требаше да открие како дошло до ова. Тимот беше под константен притисок од јавноста и мораше брзо да излезе со било какви информации и индиции. Првата информација која што ја соопштија беше дека во моментот на промената на саатот дошло до некаква системска грешка која што ги избришала податоците во сите сервери каде што биле сместени податоците на балканските корисници.

И така започнаа теориите на заговор, сите се обвинуваат меѓусебно, настанот беше прогласен за терористички напад. Луѓето во страв шепотеја за можната манипулација. Еден дел од населението не му веруваше на специјалниот стручен тим и тврдеа дека податоците сигурно не се избришани и дека некој дебело ќе се окористи од оваа ситуација. Дури се појавија и лица кои тврдеа дека добиле анонимни пораки во кои им се бара одредена сума на пари за да им бидат вратени податоците. Друга група веруваше дека целиот настан е исцениран за да се скрие некоја многу поголема и поопасна ситуација во светски размери. Трети размислуваа за тоа колкави се хонорарите на специјалниот стручен тим и дали биле избрани на тендер. Општото расположение беше многу затегнато, сите сакаа на секому да му ги извадат очите и сосема ја загубија довербата во технологијата. Од подрумите ги ископаа старите камери и фотоапарати кои на времето ги користеле нивните дедовци и баби. Во тишината на своите домови луѓето се запрашуваа: „Што е животот без фотографии и снимки, каде ќе постојат докази дека тие воопшто живееле?!“

Специјалниот стручен тим излезе со нова пресконференција на која ја соопшти веста која што сите со нетрпение ја очекуваа. Не е сè изгубено, податоците може да се вратат. Тоа ќе биде долг и мачен процес, но животите на луѓето ќе останат непроменети. Сите ја дочекаа веста со големо нетрпение и возбуда бидејќи во тој миг никој не можеше ни да претпостави до какви сè неволји може да доведе решението на проблемот.

Специјалниот стручен тим полека ги враќаше податоците, но се беше помешано, не се знаеше кои слики и видеа му припаѓаат на кој корисник и сите податоци се претворија во една голема каша. Но, поголемиот проблем беше тоа што сè уште не можеше да се најде причината за тоа како настанал инциденотот. Дури и кога ќе успееја некако да ги сместат во фолдери како да имаше некаков вирус кој повтроно ги мешаше податоците и тие повторно не можеа да им се вратата на корисниците.

Притисокот на јавноста стануваше сè поголем и во еден момент тимот одлучи дека за да се смират страстите ќе мора да им дадат нешто луѓето кои веќе беа станати неподносливо нетрпеливи. На последната пресконференција најавија дека ќе бидат вратени сите слики и видеа за кои со сигурност може да знаат дека се од одреден корисник. Никој во тој момент не беше сигурен дали и како тоа ќе функционира, но сепак таквата информација на тимот му даде барем некое кратко време за да успее да го пронајде проблемот, за оваа несреќа никогаш повеќе да не се повтори.

И навистина, некаде пред Новата година корисиниците почнаа масовно да добиваат нотификации дека на нивните клауди и акаунти се прикачуваат фотографии. Саша печеше колачиња од ѓумбир во својата кујна наменети за новогодишниот хуманитарен базар на која се собираа средства за корективни хируршки интервенции за членките на здужението на самохрани мајки. Додека се печеа колачињата Саша седеше на масата и размислуваше, дека доколку хипотетички и самата би се нашла во ситуација да остане без Ј сигурно би се пријавила. Лифтинг не ѝ требше, но една липосункција одлично би ѝ дошла. Во истиот миг кога се освести за своите размислување ги растера тие мисли од главата, сфати дека нема ниту една причина зашто би останала без Ј, нивниот брак беше хармоничен, тие никогаш не се расправаа, можеби не се гледаа доволно, посебно сега, од кога почнаа толку често да го испраќаат на службени патувања, но тогаш кога се среќаваа, еден кон друг се однесуваа со исклучителна почит и љубов. Од мислите ја тргна повторувачки звук кој доаѓаше од телефонот: динг, динг, динг, динг. Саша се замисли кој би можел да биде толку доцна. Го зеде телефонот и сфати дека добива нотификации дека на нејзиниот клауд се враќаат нејзините фотографии.

Не постојат зборови со кои може да се опише среќата која што во тој миг ја почувствува Саша. Сакаше да ги разбуди близначките за со нив да ја сподели среќната вест. Со големо нетрпение кликна на иконата која водеше до галеријата на телефонот. Пред нејзините очи почнаа да се отвораат фотографии. Саша кратко, збунето гледаше во телефонот, се редеа фотографите кои што се прикачуваа, Саша гледаше во нив, но тоа не беа нејзините фотографии. На сите тие фотографии таа препознаваше само едно лице, лицето на Ј. Најчесто со голема насмевка, која таа на неговото лице ја немаше видено веќе со години. И една жена, непозната, на многу од фотографиите обесена на неговиот врат. Саша махинално го испушти телефонот од рацете. Во кујната почна да мириса на загорено. Колачињата во рерната беа веќе црни, Саша ја отвори рерната и кујната се исполни со тежок, црн дим. Саша со насолзени очи почна да ги отвора прозориците, ги фрли изгорените колачиња во кантата, го зема телефонот кој остана паднат на масата и излезе на терасата. Седеше нема на студениот воздух и зјапаше во една фотографија на која Ј и таа, жената, беа легнати во кревет со бела хотелска постелнина, во позадината од прозорецот се гледаше плажа со тиркизно море, но ништо од тоа Саша не забележа, таа само немо зјапаше во целулитот на нозете на жената. Саша само рамнодушно си помисли: „Па таа има повеќе целулит од мене“, го затвори телефонот и одлучи дека нема ништо да му каже на Ј, дека нема ништо да каже никому и дека што се однесува до неа, тие фотографии не постојат, како што не постоеја до пред 10-тина минути.

Но, не реагираа така сите корисници кои што ги добија фотографиите кои што никогаш не биле наменети за нивните очи. Настана голем проблем во сите балкански држави. Грешката беше настаната во тоа што податоците не се враќаа по основа на корисникот, туку на IP адресата. И така многу родители без да сакаат дознаа што прават нивните деца кога ќе излезат од дома, сопружниците се соочија со неверствата на своите партнери, па дури се појавија и докази за

одредени криминални активности на некои граѓани. Тогаш за прв пат во историјата на светот се сплотија сите балкански народи и се согасија дека сакаат сите фотографии и видеа да бидат избришани од сите акаунти бидејќи тврдеа дека ваквото неодговорно однесување со туѓата приватност ги нарушува нивните високи семејни вредности.

Сето тоа беше решено по кратка постапка, и никој повеќе никогаш не се побуни за загубените спомени. Во балканските семејства се врати довербата меѓу членовите и се воспостави непишано правило дека никој никогаш нема да го спомнува инцидентот со фотографиите. Сите продолжија да си живеат како по лош сон за кој се имаат меѓусебно договорено дека бил само тоа, лош сон кој нема никаква врска со ралноста.

Но, сепак, специјалниот стручен тим мораше да дојде до решението на загатката, за ова зло никогаш да не се повтори. Детално ги проверуваа сите датотеки, сите податоци од последните 24 часа пред инцидентот. Помина и Новата година, а сè уште не беше најдена причината. Светот сè уште стрепеше за безбедноста на своите податоци и затоа беше од исклучителна важност да се дојде до одговорот.

Вечерта на православен Бадник, единствениот претставник од Балканот во специјалниот стручен тим, седеше на традиционална вечера на која што се кршеше лепче со паричка. Кога го подели лепчето на сите од семејството и почнаа да јадат тој забележа дека паричката се наоѓа во неговото парче. Возбуден во тој миг на голема среќа, махинално низ главата му помина мислата за тоа, дека ете можеби Бог ќе му помогне преку овој свет знак и токму тој ќе биде оној кој ќе го најде решението на загатката. Погледна во иконата од Богородица со Исус која висеше на ѕидот, се прекрсти и во тој миг му дојде просветлувачката мисла: „Иконата!“ извика и стана од масата. Неговото семејство остана многу зачудено, бидејќи сите знаеја дека правилата јасно наложуваат дека од масата прво треба да стане најмалото машко дете за да не се поремети среќата на семејството во наредната година, но бидејќи неговата возбуда беше толку голема, никој не се осмели да каже било што.

Утредента специјалниот стручен тим излезе со последната и најважна пресконференција на која што ја информираа светската јавност дека го нашле виновникот за инцидентот и дека сега со сигурност можат да тврдат дека тоа зло нема никогаш да се повтори. Виновникот беше Бог. Сигурно сега почитуваниот читател е многу зачуден за ова откритие, но немојте да се грижите, настанат е само еден зачудувачки сплет на околности кој случајно го вклучува и Бог во целава оваа ситуација, за да не оставам простор за манипулации ќе ја цитирам изјавата на портпаролката на специјалниот стручен тим:

„Имено, вечерта за време на настанувањето на инцидентот, на фејзбук, твитер, инстаграм и останатите помали социјални мрежи, станува вирална една фотографија од икона на која што е првоосомничениот Исус во прегратка на второсомничената и негова мајка Богородица. Имено, истиот сакајќи да го провери своето фактичко влијание кај населението, ја пушта во оптег споменатата фотографија со текст, цитирам: „Ако во твојот дом има место за мене напиши ДА во коментар и сподели јавно“ затворен цитат. Споменатитот текст предизвикува моментална лавина помеѓу корисниците од Балкнанот и веќе споменатата слика почнува со секое ново споделување на се генерира во клаудите и на акаунтите на сите корисници. Таквото брзо генерирање на оваа слика доведува до прегревање на серверите, потоа пад на напонските капацитети што на крајот резултира со целосен пад на системот кој во тој момент е веќе преоптеретен од менувањето на

времето. Првоосомничениот се терети дека под влијание и притисок на втроосомничената сторил кривично дело против општата безбедност, но бидејќи делото е сторено од небрежност, а не со намера, ние како специјален стручен тим за решавање на големата балканска несреќа предлагаме двајцата осомничени да бидат санакционирани со најблагата казна. Имено, од светските интернет власти ќе побараме да се воведе општа забрана за споделување на било какви фото и видео материјали на кои се појавуваат или има индиции дека се поврзани со двајцата осномничени.“

Потоа портпаролката му даде право на збор на главниот IT стручњак во тимот кој го увери светското население дека повеќе нема потреба за никаква грижа е дека од сега на сите сервери ќе бидат поставени сепецијално дизајнирани филтри кои што ќе го заштитуваат системот од ваков вид на натрапници со тоа што ќе активираат аларм секогаш кога ќе почне вирално да се споделува било каков материјал со слична содржина и со сигурност ова зло никогаш повеќе нема да се повтори.

По ваквите вести од последната пресконференција на специјалниот стручен тим балканскиот човек остана збунет. Никој не се осмели да изговори на глас, но сите потајно во сигурноста на своите домови повторуваа: „Како можеше нам ова Бог да ни го направи, па ние сме божји народ?“